**Душанка**, првата ќерка на Стеванка, се омажи за Ратко Димовски во родот Скукооj од Лешок и имаат четири ќерки: Снешка, Јованка, Валентина и Милка. Јас ги познавам Ратко со сопругата Душанка и нивните четири ќерки. Види, Скукооj ( Р. бр. 46 ).
**Љубица** има син Богомир (Боге), од првиот брак и ќерка Николина од вториот брак.
**Богомир** (Боге) Велановски е отселен во градот Виеденбург (Rheda-Wiedenbruk) во Германија. Боге е женет со Марита и има ќерка Бјанка, која има три внуци: Марчело, Александро и внука Ангелина.
Љубица од вториот брак, со Александар (Сандро ) Петковски -Тарзан, кој е дојден како домазет од кумановските села имаат една ќерка Николина.
**Николина** Петковска м. Антовска, со сопругот Звонко имаат син Мирослав (Мики) и ќерка Елена. Елена во бракот има син Николај.
За родот Скукооj од Лешок и ќерките на Ратко -Скуко, Види, Библиографија, ( Р. бр. 1, стр. 152 – 157 и Р. бр. 12, стр. 95 и 96 ). http://spiroski.com.mk/
Со Николина сме ФБ пријатели и се јави со коментари за Лешок и ми испрати фотографии преку Вибер на 20. 12. 2025 год. со податоци и објаснувања за семејството.
На 18 ноември 2025 год. разговарав на телефон со Мара Станковска м. Ѓорѓевска, која ми даде многу добри податоци за родот Станкооj и за родот Нешооj.
Нешо Стојанов од Чучер, како српски војник 1916 година, загинал во борби на Криволак во Првата светска војна. Види, (Р. бр. 8, стр. 95-96 и 312 и Р. бр. 17, стр. 27-28 ).
**в. Речник,** ( Р. бр.18, стр. 105, 151-152, 161, 198, 211, 223, 222-223, 234, 241-242,), **Касапница, Митровдн, Нешооj, прекари, род, слава, Скукооj, Станкооj, Тенеќе маало,**



| Љубица + | Душанка + | Сандро + | Јованка | Милка | Николина | Богомир | Елена | Бјанка |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|

# 35. Пајооj

**Пајооj** се **ново** семејство, кои се доселени 50-те години во Лешок, односно Слатина. Ковачот (**коач**) Ваит Амат Имери, со сопругата Руждија створија дом и ковачка работилница на крај од Лешок до Слатина и до црквата Св. Никола. Во Лешок мајстор Ваит Имери го викавме Пајо и фамилијата јаословувавме Пајооj. Ковачот Ваит (Пајо) со жена му Руждија Дамини (Пајојца) имаа 5 синови: Екрем, Ремзи, Насер, Шемо и Назиф, кој млад умира.
Ремзи е најстар, се ожени и се пресели во Скопје и има три деца: Емине, Агрон и Ваит, а Шемо живее во Теарце.
Насер има син Арбен и ќерка Алмира, мажена во Гостивар и има ќерки, Елмедина и Мелека.
Екрем има син Ферди и ќерка Атице. Ферди живее во Скопје и има три деца: Накие, Гансел и Мелек, а ќерката Атице се омажи во Тетово и има еден син Емир. Екрем почина во мај 2015 година и закопан е во муслиманските гробишта во Слатина.
По смртта на Пајо ковачкиот занает го продолжија синовите Екрем и Насер, а по смртта на Екрем со намален обем, како ковач работи Насер.
Ковачот Пајо и целото семејство покрај мајчиниот ромски јазик, ги знаеја многу добро и македонски и албански јазик и ги спојуваа Лешок и Слатина и селата од Подгора, со ковачкиот занат кој го пренесуваат со векови и го ковеа железото со жарот на ќумурот, чеканот и наковалната.

Како почит кон ковачкото семејство Пајооj од Лешок и Слатина, напишав посебно поглавие за Екрем Имери (1966-2015). Види, ( Р. бр. 25, стр. 107) и внесов негови слики во моите книги. ( Р. бр. 1 и 22, стр. 94, Р. бр. 5 и 15, стр. 225, Р. бр. 8, стр. 112 и 177 и др.). http://spiroski.com.mk/

**в. Речник,** ( Р. бр.18, стр. 68, 84, 85, 106, 110, 112, 177, 254, 266,), **дуало, зидари, ѕит, кациа, кљепа, коач, Коачница, Пајо, Пајооj, ќумур, ќумурџиа,**

|  |  |  |  |  |  |  |
|---|---|---|---|---|---|---|
| Ваит + | Екрем + | Насер | Атиџе | Алмира | Емир | Елмедина |

# 36. Пашини

**Пашини** е **стар** род од Лешок, слава им е Митровден, а куќите им се во Тенеќе маало и претците се закопувале во гробиштата од црквата Св. Никола. Родот Пашини се сретнува и како Сирмини. Имено, во Лешок потомците на браќата Ѓоре и Спасо ги викаме и Сирмини, бидејќи се деца на Сирма. Во книгите за Лешок на И. Петрушевски е запишано дека овој род е од Дабоќеej, потоа како Баракооj, Кашамееj, Сирмини и др. Во иднина наследниците на споменатите родови ќе треба да утврдат дали имаат родовска врска по вертикала или не. Ова посебно, што досегашните истражувања и распити на повеќе соговорници од овие родови укажуваат дека посебни родови се Пашини, Кашамееj и Баракооj и ќе треба во родот Дабоќееj точно да се утврди родовската вертикала. Значи, во родот Пашини, Кашамееj, Баракооj и родот Дабоќееj, ќе треба наследниците точно да го утврдат потеклото односно меѓусебната поврзаност.

Од овој род ги знам повеќе лица од старите генерации, помладите и најмладите. Јас и Лешаните гиословувавме како Пашини и никого не сум слушнал да гиословува како Дабоќееj или Сирмини.

Како најстари, кои лично ги знам и сум ги гледал, најпрво ќе ги споменам браќата Спасо и Ѓоре, кои гиословувавме со прекарот Паша. Добив податоци од матично одделение во Непроштено, дека Спасо се презива Милосавлевски, а брат му Ѓоре некаде се евидентира со презиме Милосвлевски а некаде Мисајловски, а татко им бил Ристо, а мајка Сирма.

Денес, 15 октомви 2025 година разговарав на телефон неколку пати со Трипун Стојчев Ристовски и Младен Мисајловски и ми дадоа многу податоци за родот Пашини и наследниците на Ѓоре, Спасо и Петруш. Двајцата ми рекоа дека на родот Пашини слава им е Митровден, а не Св. Аранѓел, како што пишува во книгата за Лешок од И. Петрушевски. Ова е најголем доказ дека напишаното за родот Дабоќееj ќе треба да се корегира и во иднина да не се мешаат родот Пашини со Кашамееj, Сирмини, Дабоќееj и Баракооj.

Ќе почнам со Спасо Милосавлевски, првиот фотограф од Лешок и Подгора во Долни Полог.

Спасо Милосавлевски - Паша е роден 1880 година во Лешок. Спасо е син на Сирма и Ристо, кои имаат четири сина: Спасо, Ѓоре, Петруш и Димитрие. Спасо има три деца: Перса, Јорда и Борис.

Перса се мажи за Веселин ( Ецо ) од родот Коачооj од Лешок и имаат шест деца, четири синови: Божин, Живко, Иљо и Мирко и две ќерки; Иванка и Загорка. Божин има две ќерки, Гордана и Даниела. Иљо со сопругата Елена имаат син Владо и ќерка Елизабета. Владо има три деца: Ванеса, Марјан и Катерина и Елизабета има три деца: Илија, Мелиса и Ален. Живко со Трпка имаат две ќерки, Тања и Ирина. Мирко со Снежана имаат три деца: Весна, Јасмина и Јасре.

Борис има 4 деца: Живко, Анѓа, Силвана и Божана.